Врз основа на член 18 и 19 од Статутот на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија, Собранието на својата годишна средба одржана на 04.03.2023 го донесе следниот

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА ЗПРМ

***Член 1***

(1) Собранието е највисок орган на Здружението.

(2) Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението.

(3) Право на глас имаат сите членови и членовите – агенции за преведување. Категориите членови (кандидатите) што немаат право на глас имаат право да присуствуваат, дискутираат и поднесуваат предлози.

(4) Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

(5) Органот на управување има обврска да ги извести членовите најмалку 1 месец пред одржувањето на годишното собрание и да им достави информација за прелиминарниот предлог дневен ред.

(6) Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се утврдува во овој Деловник за работа на Собранието.

(7) Членовите на собранието може да учествуваат и одлучуваат на седници на собранието организирани со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема така што сите лица кои учествуваат на седницата да може да се слушаат, и да разговараат еден со друг.

(8) Собранието може да одлучува и без одржување седница, доколку согласност за одлуката која се донесува без одржување седница дадат повеќе од една половина од вкупниот број членови со право на глас.

(9) За одлуките донесени без одржување седница претседателот на Здружението односно лице овластено од него подготвува записник во кој се евидентираат одлуките. Одлуките донесени на ваков начин влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на членовите на собранието со право на глас. Давањето согласност може да се изврши со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат, на предлог одлуката.

***Член 2***

***Овластувања на собранието***

(1) Собранието ги има следните овластувања и должности:

- донесува Статут на Здружението, Деловник за работа, Кодекс на професионално и етичко однесување, Стандарди за преведување, Правилник за прием и јазична класификација, Препораки за тарифирање, Повелба за преведувачи во работен однос, Програма за работа и други акти и измени на истите;
- усвојува годишен извештај и финансиски извештај за работата и ги објавува на интернет- страницата на здружението;
- донесува одлуки, заклучоци и препораки за регулирање и решавање на прашања од интерес на Здружението;
- ги избира и разрешува претседателот, потпретседателот, секретарот и членовите на Органот на управување на Здружението;

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРЕВЕДУВАЧИ И ТОЛКУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Скопска 9/1-10, 1000 Скопје • contact@mata.mk • www.mata.mk

- одлучува за основање и укинување ограноци и други облици на организирање на Здружението;
- донесува одлука за здружување и разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Здружението со право на глас;
- одлучува за статусни измени на Здружението;
- одлучува за основање трговски друштва;
- избира почесни претседатели и доделува почесно членство;
- врши други работи кои произлегуваат од статутот и законите.

***Член 3***

***Вонредно собрание***

(1) Вонредното собрание го свикува претседателот на Здружението или Органот на управување, или на барање на најмалку една третина од членовите со право на глас кои своето барање го испратиле до претседателот или до Органот на управување на Здружението во писмена форма, заедно со предлог дневниот ред.

(2) Следните овластувања се во надлежност и на вонредното собрание:

- донесува Статут, Деловник за работа, Кодекс на професионално и етичко однесување, Стандарди за преведување, Правилник за прием и јазична класификација, Препораки за тарифирање, Повелба за преведувачи во работен однос, Програма за работа и други акти и измени на истите;
- разрешува избрани функционери;
- други итни работи.

(3) Вонредна седница на собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

(4) Ако претседателот на Здружението во рок од триесет (30) дена од денот на поднесување на барањето за одржување не свика седница, седницата ја свикува Органот на управување или иницијаторите.

(5) Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се утврдува во Деловникот за работа на Собранието.

***Член 4***

***Изборни инспектори***

(1) Органот на управување може да назначи еден или повеќе инспектори за време на редовните и вонредните седници на Собранието. Инспекторите утврдуваат кои членови со право на глас се присутни, дали постои кворум, полноважност на застапниците, потоа ги примаат гласовите, гласачките ливчиња и согласностите, ги сослушуваат и утврдуваат сите оспорувања и прашања во врска со правото на глас, ги пребројуваат и ги запишуваат сите гласови, гласачки ливчиња или согласности, и ги утврдуваат резултатите.

***Член 5***

***Кворум***

(1) Собранието полноважно работи односно има кворум за работа и

одлучување ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови со право на глас.

(2) Право на учество во работата на Собранието имаат само оние членови кои ја уплатиле членарината за тековната година. Од членовите што имаат право на учество во работата на Собранието, кворумот е ½ од присутните членови. Сите одлуки на Собранието се носат со просто мнозинство од кворумот (50% од присутните + 1).

### *Член 6*
### *Полномошници*

(1) Секој член со право на глас може да ополномошти друг активен член или членови да го претставуваат и да настапуваат во негово име како полномошници на седниците на Собранието.

(2) Полномошното мора да биде во писмена форма и потпишано од членот што го дава (може да се достави електронски).

(3) Полномошното може да биде повлечено во секое време, освен во случаите предвидени со закон.

### *Член 7*
### *Гласање*

(1) Секој член со право на глас има право на еден глас. Сите други членови имаат право на обраќање, но не и на глас.

(2) Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(3) Собранието одлуките ги донесува со јавно гласање, освен ако со мнозинство гласови од присутните членови со право на глас не се одлучи гласањето да се врши тајно.

### *Член 8*
### *Полноважност на одлуките*

(1) Освен за усвојување на дневниот ред и записникот од претходно собрание, Собранието не може да донесе полноважна одлука ако нема кворум согласно наведеното во член 22, став (1).

(2) Ако нема кворум, гласањето се одлага. Ако нема кворум за гласање кое веќе еднаш било одложено поради немање кворум, Органот на управување има право да донесе одлука која ќе биде полноважна и финална.

.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРЕВЕДУВАЧИ И ТОЛКУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Скопска 9/1-10, 1000 Скопје • contact@mata.mk • www.mata.mk